Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-348/2
30-08-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08 – 348/1 од 24.06.2022 година, поднесена од [redacted] на група жители од ромска етничка припадност, против Општина Штип, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на домување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на 30.08.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на домување од страна Општина Штип кон група жители од ромска етничка припадност.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08 – 348/1 на 24.06.2022 година, од [redacted], во име на група жители - Роми на Општина Штип, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на домување од страна на Општина Штип.

Претставката е поднесена во име на група од 25 жители од ромска етничка припадност на Општина Штип, односно пет многудетни семејства, коишто живеат во старо нервно одделение на дисперзирана, напуштена зграда од поранешната болница во Штип, во централниот дел на градот Штип. Според наводите во претставката, семејствата живеат во импровизирани живеалишта, кои се диво приклучени на вода и струја, а во текот на изминатите години биле во неколку наврати опожарени. Сите посочени семејства се регистрирани како бездомници во Општина Штип и се приматели на социјална помош.

По извршен увид од страна на подносителот на претставката, било констатирано дека живеалиштата на посочените семејства се несоодветно место за живеење, во субстандардни услови: без канализација и одвод, диво приклучување на водоводна мрежа, расфрлан отпад и рунирани објекти.

Согласно тврдењата на подносителот, Општина Штип реализирала проект, финансиран од ИПА фондовите, чија цел била вдомување пред се' на посочените жители. Иако постоеле

услови, Општината не постапила согласно своите надлежности, при што нееднакво постапила кон посочената група жители и не ги вдомила во типските куќи. Со нееднаквото постапување према посочените жители Роми, Општината извршила дискриминација врз основа на етничка припадност.

Ценејќи ги наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 30.06.2022 година испрати Известување бр. 08 - 348/2 за произнесување по наводите од претставката до Општина Штип.

На 25.07.2022 година во Комисијата пристигна произнесување по претставката од страна на Општина Штип. Во произнесувањето е наведено дека Општина Штип и Општина Берово, заедно со невладината организација [redacted]Скопје [redacted] имаат склучено Договор за донација бр. 03 – 5869/2 од 26.02.2021 година со донатор – Делегација на Европска Унија во РСМ за изградба на типски куќи, наменети за загрозените ромски семејства кои живеат во субстандардни услови во општините. Локацијата наменета за изградба на типските куќи во Општина Штип е населбата Св. Недела, додека времето предвидено за реализација на проектот е вкупно 36 месеци, односно со датум на започнување од 02.01.2021 година и датум на завршување до 02.01.2024 година. Во прилог на произнесувањето беше доставена копија од Договорот за донација. Од вака доставената документација, произлегува дека типските куќи, предмет на споменатата донација, се уште не се изградени и не се доделени на социјално загрозени семејства, па оттука не може да се говори за дискриминација, бидејќи ниту едно лице или група лица не се ставени во поповолна положба од други лица во пристап до домување, врз основа на било каква заштитна карактеристика, вклучувајќи ја и етничката припадност.

Општина Штип со тврдење дека презела се' во врска со решавање на проблемот и вдомување на загрозените семејства, ги оспори наводите изнесени во претставката за нееднакво постапување према ромските семејства сместени во т.н. старо нервно одделение во поранешната болница – Штип. Воедно наведе дека се прават напори за што поскора реализација на проектот за изградба на типските куќи, со цел обезбедување на пристојни услови за живот на семејствата.

Од горенаведеното, како и од увид во Договорот за донација, даден во прилог на произнесувањето, Комисијата констатира дека Општина Штип презела соодветни мерки за решавање на проблемот со кој се засегнати жителите на општината, односно нивно вдомување.

Имајќи го предвид изнесеното и законската дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето, дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација од страна на Општина Штип кон групата жители Роми, врз основа на етничка припадност и припадност на маргинализирана група, во областа на домување/ пристап до добра и услуги.

Скопје
30.08.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]
- Општина Штип со адреса на ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип